**20210691038**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОСЕЊЕТО, ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за носењето, времето на траење и распределбата на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19), во член 7 став 2 зборовите: „Единицата за извршување на специјални задачи“ се заменуваат со зборовите: „Специјалната антитерористичка единица - Тигар“.

Во ставовите 5, 7 и 8 зборовите: „Единицата за специјални задачи“ се заменуваат со зборовите: „Специјалната антитерористичка единица - Тигар“.

Член 2

Во член 8 во ставовите 3, 4 и 5 зборовите: „Единицата за специјални задачи“ се заменуваат со зборовите: „Специјалната антитерористичка единица - Тигар“.

Член 3

Во член 9 во ставовите 2 и 3 зборовите: „Единицата за специјални задачи“ се заменуваат со зборовите: „Специјалната антитерористичка единица - Тигар“.

Член 4

Во член 10 во ставот 2 зборовите: „амблем „ЕДИНИЦА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ““ се заменуваат со зборовите: „амблем „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР““, а зборовите: „единица за специјални задачи“ се заменуваат со зборовите: „Специјалната антитерористичка единица - Тигар“.

Член 5

Во член 50 во ставовите 2 и 3 зборовите: „Единицата за специјални задачи“ се заменуваат со зборовите: „Специјалната антитерористичка единица - Тигар“.

Член 6

Во членот 56 табелата се заменува со нова табела, која гласи:

”

| ОЗНАКИ НА УНИФОРМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ И СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ | Време на траење | Број на парчиња | Враќање |
|---|---|---|---|
| 1. амблем „ПОЛИЦИЈА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 2. амблем „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР “ | 36 месеци | 06 | не |
| 3. амблем „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“ | 36 месеци | 06 | не |
| 4. амблем „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 5. амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 6. амблем „МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА КОМПЕНЗАТОРНИ МЕРКИ“ | 36 месеци | 06 | не |
| 7. амблем „ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 8. амблем во форма на круг со намалени димензии за Специјална антитерористичка единица - Тигар | 36 месеци | 06 | не |
| 9. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за брзо распоредување | 36 месеци | 06 | не |
| 10. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единицата за интервентна полиција | 36 месеци | 06 | не |
| 11. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за службени кучиња | 36 месеци | 06 | не |
| 12. амблем во форма на штит со намалени димензии | 36 месеци | 06 | не |
| 13. натпис за идентификација | 36 месеци | 06 | не |
| 14. натпис „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 15. правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група | 36 месеци | 06 | не |
| 16. метален амблем во форма на круг со намалени димензии | 36 месеци | 01 | не |

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1.1-27830/1 | Министер |
| 22 март 2021 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |